РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА ФЕВРУАРИ 2012

Март 2012 година

## I. Законодавство и зајакнување на институционалниот капацитет

1. Во февруари 2012 година, започна со работа царинската испостава Скопје 4, со единствена шифра за поднесување документи 1014, лоцирана на Железничката станица Товарна во Скопје. Царинската испостава ќе ги спроведува царинските формалности во стоковиот промет, односно увозно и извозно царинење како и транзит на стоки превезувани во железничкиот сообраќај, со што надлежностите и постапките кои се спроведуваа во царинската испостава Трубарево 1030, ќе поминат во надлежност на новата царинска испостава Скопје 4.

   Придобивките од ваквото решение се брзо и ефикасно завршување на царинската постапка, бидејќи Железничката станица Товарна, располага со идеални услови за царински преглед на стоки превезувани и во железнички и во камионски сообраќај, располага со кран за истовар на стока пренесувана во контејнери, значителен магацински простор за чување на стока, паркинг простор за повеќе од 100 товарни возила, идеални сообраќајни решенија и е лоцирана во непосредна близина со седиштето на Царинарница Скопје.

   Во иднина се предвидува новата царинска испостава да биде надлежна за комбиниран царински надзор, што подразбира спроведување на увозно/извозни постапки како и транзитни операции во железничкиот и камионскиот превоз на стоки, со инфраструктурни решенија на царински терминал.

   Како резултат на овие промени, беше донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри што се употребуваат (Сл. весник на РМ бр. 20 од 10.02.2012 година), со кои се врши измена, дополнување и бришење во називот и шифрата на царинскиот орган, соодветно горeспомнатите промени.

2. Во февруари 2012 година, беше објавен Правилник за изменување на Правилникот за спроведување на законот за акцизите (Сл.весник на РМ бр. 29 од 28.02.2012 година), со кои се извршија корекции на техничките грешки во текстот на одредени одредби на правилникот, се воспостави една димензија од 44мм x 20мм на контролните марки за обележување на тутунските добра (наместо досегашните шест), а со цел поефикасна контрола на пазарот со тутунските производи, имајќи предвид дека оваа практика се спроведува во повеќе земји членки на Европската унија

(Унгарија, Германија, Литванија, Латвија, Естонија и Полска). Воедно, со измените се овозможува дизајнот и финалниот изглед на заштитните елементи на контролните марки да се определат при склучување на договорот за јавна набавка со избраниот понудувач, а пред се поради обезбедување на поголема сигурност и доверливост, а јавноста и потрошувачите со дизајнот на контролните марки и со дел од заштитните елементи, ќе бидат запознати преку објавата на интернет страната на Царинската управа. За оваа цел се воведоа нови обрасци на контролните марки, како и нови обрасци на пријавата за планирани количини на тутунски добра и барањето за контролни марки.

3. Во февруари 2012 година Царинската управа донесе „Акционен план на Царинската управа на Република Македонија за период 2012-2014 година“, кој претставува план на активности на Царинската управа за период 2012-2014 година, кои треба да се реализираат во одредена временска рамка од страна на одделни организациони единици и сектори.
4. Во февруари 2012 година, Царинската управа ги донесе следните интерни акти со што се уредуваат различни области на нејзиното работење:
   - Насока за определување на царински испостави за увозно царинење на моторни возила, со која се определуваат царинските испостави кои ќе вршат увозно царинење на моторни возила, кои се увезуваат од страна на правни и физички лица,
   - План за вработување во Царинската управа за 2012, кој претставува документ во кој се содржани планираните активности за вработување во Царинската управа до 2013 година,
   - Колективен договор за изменување и дополнување на Колективен договор на Царинската управа, со кој што се доуредува фазата тестирање како дел од селекцијата и изборот при спроведување на постапката за вработување во Царинската управа, како и уредување на платата за шефот на Царинска испостава Скопје 4, изразена во бодови (коефициенти), која како нова организациона единица е воведена со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места,
   - Корисничко упатство за евидентирање на дисциплински постапки и тужби од вработени во еДМС. Целта и намената на ова корисничко упатство е да им овозможи на корисниците на апликацијата еДМС, независно дали се Lotus Notes или Web клиенти, да се запознаат со новата функционалност на системот, а тоа е електронска евиденција на дисциплински постапки и тужби од вработени.

## II. Административен капацитет

5. Во февруари 2012 година се реализирани 11 настани за стручно оспособување и информирање, на кои учествуваа 137 вработени во Царинската управа. Просечното времетраење на обука за вработените кои посетувале обука е 8,9 часа, а просечното времетраење на обука за секој вработен е околу 1 час.

   Во текот на февруари, Царинската управа учествуваше во организација на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

   - во соработка со Секретаријатот за европски прашања (Програма ИПА 2008), организирана е Практична работилница за новиот систем на идикатори ИПА 2008, која се одржа во Струмица;
   - во соработка на Министерство за информатичко општество и администрација и Канцеларијата на УНДП во Скопје организирана е „Работилница за системи за интегритет во јавната администрација“;
   - во организација на Европска Комисија, во Брисел беше организирана на Конференцијата на тема „Борба против криминалот со храна“,
   - согласно Програмите за обука на одделението за обуки, со цел континуиран развој и обука на царинските службеници, во Скопје се одржаа:
     - обука за NCTS IT експерти и администратори;
     - обука на тема „Антикорупција и презентација на Насоката за начинот на постапување на вработените во ЦУ во случај кога им се дава, ветува или понудува подарок или друга корист со цел да се влијае на работењето во рамките на службата“;
     - две обуки на тема „Тајност и заштита на личните податоци“ организирани во соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци и
     - обука на тема „е-Аукции и Електронски систем за јавни набавки“.

## III. Интегритет и борба против корупција

6. Во текот на февруари 2012 година се реализирани 7 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа. Врз основа на спроведените истраги, во 2 случаи се утврдени основани сомненија дека царински службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, оперативните инструкции и етичкиот кодекс, односно констатирано е постапување спротивно на член 58 став 1 точка 1 од Законот за Царинската управа како и непостапување согласно Упатството за користење и управување на службени возила на Царинската управа.

7. Во февруари 2012 година, врз основа на спроведени истраги и дисциплински постапки донесени се 2 решенија за изречена писмена опомена, едно решение за запирање на постапка со утврдена одговорност и 2 решенија за парични казни. Во истиот месец се донесени 6 решенија за утврдување на плата во зголемен износ (за особено ангажирање во извршување на работите и работните задачи и за значителен придонес во спречување и откривање на царински прекршоци и други недозволени дејствија), 2 решенија за утврдување на платата во намален износ (заради недоволно ангажирање во извршувањето на работите и работните задачи).

8. На крајот на февруари 2012 година, против Царинската управа беа активни 93 судски предмети врз основа на спор од работен однос. Од нив 34 предмети се наоѓаат во основните судови, со старост од 1 до 24 месеци. Во постапки кај апелационите судови се наоѓаат 23 предмети со старост од 1 до 12 месеци. Во постапки пред Врховен суд се наоѓаат 36 предмети со старост од 1 до 17 месеци.

   Во текот на месец февруари, од основните судови примени се вкупно 3 одлуки и тоа: со една пресуда делумо е уважено тужбеното барање за надомест на штета против Царинската управа, со едно решение делумно е уважено барањето на предлагачот за исплата на надомест за експроприрано земјиште против Царинската управа, со една пресуда уважено е тужбеното барање на Царинската управа за исплата на долг.

   Во текот на месец февруари од апелационите судови примени се 5 одлуки и тоа: со една пресуда е одбиена жалбата на Царинската управа и потврдена е пресуда со која е уважена тужба за поништување на отказно решение, со едно решение е уважена жалбата на Царинската управа поднесена против пресуда на Основен суд за исплата на плати и предметот е вратен на повторно постапување пред првостепениот суд, со едно решение е уважена жалбата на Царинската управа против пресуда со која е уважено тужбено барање против Царинската управа за долг и предметот е вратен на повторно постапување пред првостепениот суд, со една пресуда уважена е жалбата на тужителот против пресуда со кој е одбиено тужбеното барање за поништување на отказно решение и предметот е вратен на повторно постапување пред првостепениот суд и со една пресуда делумно е уважена е жалбата на тужениот против пресуда со која е уважено тужбеното барање на Царинската управа за долг.

   Во тек на овој месец од страна на Врховен суд се донесени две пресуди, со кои барањата за ревизија на Царинска управа за поништување на пресудите на пониските судови со кои се поништени отказните решенија, се одбиени како неосновани.

9. Од вкупните 218 евидентирани кривични предмети, против 184 царински службеници (поранешни и сегашни), заклучно со месец февруари 2012

година, донесени се 85 првостепени осудителни пресуди од кои 68 се правосилни, 17 се наоѓаат во постапка пред Апелационите судови. Врховниот суд во 24 случаи ги вратил предметите во повторна постапка, кои се со старост од 3 до 8 години. Кај основните судови во постапка на расправа се наоѓаат 85 предмети, а 26 кривични предмети се сеуште во фаза на судска истрага. За поднесените крични пријави против поранешни и сегашни царински службеници во 12 предмети Царинската управа нема информација во која фаза од кривичната постапка се наоѓаат. Во 10 случаи Основното јавно обвинителство ги одбило обвиненијата.

Во текот на февруари 2012 година, Одделението за внатрешна инспекција изготви 6 извештаи кои се однесуваат на извршена редовна внатрешна инспекција на увозните декларациии во царинските организациони единици и начинот на спроведување на царинската постапка.

10. Во февруари се извршени 2 внатрешни ревизии, при што се констатирани 7 наоди и дадени се 7 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

11. Во февруари 2012 година преку отворената телефонска линија 197 примени се вкупно 2.665 повици или во просек 92 повици на ден. Заради полесно координирање и постапување со информациите, истите се класифицирани и доставени до надлежните служби за понатамошно постапување.

    На интернет страницата на Царинската управа се објавени 69 информации, а на интранет порталот 7 информација.

    Овој месец Царинската управа одговори на 106 прашања поставени преку интернет страницата или во хартиена форма.

## V. Меѓуинституционална и меѓународна соработка

12. Во периодот од 6-9 февруари 2012 година, во рамките на Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS) при Амбасадата на САД во Скопје, беше организирана „Обука за анализа на слики од рентгенско скенирање за рентгенскиот систем Смитс Хајман 100100V". Оваа обука имаше за цел, да овозможи унапредување на способностите на царинските службеници при работа со рентгенскиот систем Смитс Хајман 100100V и за поефикасна анализа и толкување на сликите што се прикажани од овој систем за откривање на шверцувана стока што може да биде сокриена во патнички багаж.

13. Изминатиот месец, Царинската управа даде придонес во прибирање на податоци за цели на подготовка на студии кои ги врши Службата за борба против криумчарење со седиште во Амбасадата на Франција во Загреб, чии резултати подоцна ќе бидат презентирани на настани за стручно оспособување и информирање што редовно се организираат на регионално ниво. Доставени се информации околу националната законска регулатива и надлежноста на одделни институции во домен на лекови (заплена на криумчарени и фалсификувани лекови, контрола на пратки испратени по пошта, специјализирани служби кои работат на сузбивање на фалсификување на лекови, применувани постапки и анализи, соработка со други надлежни институции) и оружје (законски прописи кои овозможуваат контрола на оружје и борба против негово криумчарење, класифицирање на оружје, предмет и мерки на контрола, проследување на откриени случаи до други институции).

14. Во текот на месец февруари 2012 година во рамки на Програмата Царина 2013, беше реализирана обука за запознавање со можностите на датабазата/апликацијата ECICS2 која се одржа во Брисел, Белгија. На обуката учествуваа претставници од земјите членки на ЕУ, како и претставници на царинските управи на Република Македонија, Република Хрватска, Република Србија и Република Турција, со цел царинските управи на државите да се запознаат со можностите кои ги нуди оваа апликација. Истата овозможува полесна и поедноставена царинска контрола, идентификација на хемикалии, имиња на хемиски супстанции, броеви и идентификатори на супстанциите, нивни преводи, пристап до одредени датабази креирани од страна на DG TAXUD.

    Понатамошните активности треба да бидат насочени кон наше приклучување кон апликацијата ECICS2 со чие користење, ќе се овозможи: олеснато препознавање на обиди за измама, идентификување на забранети производи (дрога, прекурсори за дрога и експлозиви), идентификација на производи кои се поврзани со здравјето и сл.

## VI. Лиценцирање

15. Во текот на февруари 2012 година, Царинската управа ги издаде следните лиценци и одобренија:

    - 3 одобренија за користење на простории за привремено чување,
    - 3 измени на одобренија за користење на простории за привремено чување,
    - 198 одобренија за постапки со економски ефект,
    - 33 измени на одобренија за постапки за економски ефект,

- 67 одобренија за привремен увоз и извоз ,
- 5 одобренија за овластен испраќач/примач,
- 8 одобренија за локален увоз/извоз,
- 3 измени на одобренија за акцизно повластено користење и
- 17 лиценци за вршење на застапување во царинските постапки.

## VII. Наплатени приходи

16. Во февруари 2012 година, Царинската управа наплати вкупно 4.444 милиони денари (околу 72,2 милиони евра) на име буџетски приходи, од кои 3.587 милиони денари (околу 58 милиони евра) на име буџетски приходи од увоз и 857,6 милиони денари (околу 13,9 милиони евра) приходи од наплата на акциза во домашен промет.

    Од вкупно наплатените буџетски приходи, на име царина и други царински давачки, во февруари 2012 година се наплатени 345 милиони денари (околу 5,6 милиони евра), што е за 25% повисок во однос на наплатата остварена во истиот период 2011 година.

    Позначајно зголемување на приходите од царина во февруари 2012 година има при увозот на возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор (Глава 87) за околу 349%. Причина за зголемување на приходите е увозот на 68 автобуси од Кина, како и фактот дека на 44% од вредноста на увозот е наплатена преференцијална царинска стапка, а во февруари 2011 година беше наплатена преференцијлна царинска стапка на 70% од вредноста.

    Зголемување на приходите од царина за 90% во февруари 2012 година, има при увоз на тутун и производи за замена на тутун (Глава 24). Причина за зголемување на приходите од царина е тоа што во февруари 2012 година е извршен увоз на 90 тони цигари без примена на преференцијална стапка.

    Зголемување на приходите од царина за 47% во февруари 2012 година има и при увоз на минералните горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци (Глава 27). Причина за зголемување на приходите од царина е зголемениот увоз на оваа стока поради ниските температури во февруари 2012 година.

    Во февруари 2012 година има зголемување на приходите од царина за 202% при увозот на шеќер и производи од шеќер (Глава 17). Причина за зголемување на приходите е тоа што во февруари 2012 година увозот на овој вид стока со примена на преференцијална царинска стапка е 10% од вкупниот увоз, а во февруари 2011 година беше 24%.

    Намалување на приходите од царина има во февруари 2012 година, на увозот на месо и други кланички производи (Глава 02) за околу 18%.

Намалувањето на приходите од царински давачки се должи на либерализацијата на царинските давачки за увоз од земјите на ЕУ која настапи минатата година и тоа целосната либерализација на увозот на говедското, свежо и замрзнато месо со преференцијално потекло од ЕУ.

Приходите наплатени од ДДВ во февруари 2012 година изнесуваат 3.054 милиони денари (околу 50 милиони евра), што е за 3 % повисок во однос на наплатата остварена во истиот период 2011 година.

Најголемо зголемување на приходите од ДДВ за 17% има кај увозот на минералните горива, минералните масла и производите од нивна дестилација (Глава 27), поради зголемување на вредноста за 78% и зголемување на обемот на увоз за околу 27%.

Зголемување на приходите од ДДВ има и кај увозот на возилата, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор (Глава 87), за околу 6%. Зголемувањето се должи на зголемената вредност на увоз на стока од оваа глава за 9% (зголемување за 146 милиони денари).

Зголемување на приходите од ДДВ, е забележано кај увозот на тутун и производи за замена на тутун (Глава 24). Зголемената вредност на увоз на овој вид стока е причина за зголемување на приходите.

Намалување на приходите од ДДВ, е забележано при увозот на железо и челик (Глава 72) за приближно 68%. Намалената количина и вредност на увоз на овој вид стока поради лошите временски услови во февруари е причина за намалување на приходите.

Наплатените приходи од акциза во февруари 2012 година изнесуваат 970,5 милиони денари (околу 15,7 милиони евра), што е за 0,5% помалку во однос на истиот период во 2011 година.

Приходите од наплата на акцизи во внатрешен промет, за февруари 2012 година изнесуваат 857,6 милиони денари (околу 13,9 милиони евра), што споредено со истиот месец минатата година, претставува намалување за 2,7%.

Наплатените приходи од увоз на акцизна стока во февруари 2012 година изнесуваат околу 112,9 милиони денари (околу 1,8 милиони евра), што претставува зголемување за 21% од оствареното во истиот месец во 2011 година.

Вкупните приходи од наплата на акциза за минералните масла во внатрешен промет и од увоз за месец февруари 2012 година изнесуваат 614,7 милиони денари, што споредено со наплатените 638,9 милиони денари во 2011 година претставува намалување за 4 %, односно за 24,2 милиони денари помалку.

Приходите од акцизи кај тутунските добра во месец февруари се зголемени во однос на ланскиот месец за 12,5%. Во месец февруари се издадени вкупно 17,7 милиони контролни марки, што е иста количинина во однос на

минатата година, од кои 13,9 милиони за обележување цигари од домашно потекло и 3,8 милиони контролни марки за обележување цигари од увоз. Во истиот месец минатата година се издадени вкупно 17,7 милиони контролни марки, од кои 14,4 милиони за домашни цигари и 3,3 милиони наменети за обележување на увозни цигари.

Кај приходите од акцизи за алкохолните пијалоци и пивото во внатрешен промет констатирано е намалување од 11%, а од увоз зголемување за 61%, односно вкупно намалување од 8% во однос на истиот месец минатата година.

Пад од 49% на приходот е констатиран кај алкохолните пијалоци од домашно производство. Во февруари 2012 година за домашни пијалоци наплатена е акциза во износ од 1,98 милиони денари, наспроти 3,88 милиони денари во февруари 2011 година.

Пад од 11 % е констатиран и кај алкохолните пијалоци од увоз. За алкохолни пијалоци од увоз наплатени се 9,25 милиони денари во февруари 2012, наспроти 10,42 милиони денари истиот месец во 2011 година.

Приходите од вкупно наплатената акциза за пиво (од внатрешен промет и од увоз) за месец февруари изнесуваат 30,4 милиони денари и минимално се намалени за околу 1% во однос на истиот месец лани кога се наплатени околу 30,8 милиони денари.

Констатиран е пад кај приходот од наплатена акциза при увоз на патничките возила од 34% во однос на истиот месец минатата година. Бројот на оцаринети патнички возила кои подлежат на акциза во месец февруари 2012 година е за 36% помал во однос на истиот месец 2011 година. Вкупно се оцаринети 2.160 патнички возила кои подлежат на плаќање акциза, наспроти 3.389 возила оцаринети истиот месец минатата година.

Вкупно наплатените приходи од надоместоци во февруари 2012 година изнесуваат 75 милиони денари (околу 1,2 милион евра), што е за 86% повеќе од оствареното во истиот период во 2011 година. Зголемените приходи од надоместоци се должат на зголемениот увоз на тутунски производи и горива.

## VIII. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

17. Врз основа на дополнителни контроли (помала декларирана вредност на стоката како основа за пресметување на увозните давачки, неправилно декларирано потекло на стоката како основа за ослободување од плаќање царини, неправилно тарифирање со примена на пониска царинска стапка и др.), во февруари 2012 година се донесени 195 решенија за дополнителна

наплата, во вкупен износ од околу 12 милиони денари (околу 196 илјади евра).

18. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризик, во февруари 2012 година е извршен преглед на 1.453 товарни моторни возила, 468 автобуси и 628 патнички моторни возила, или на вкупно 2.549 транспортни средства.

19. При контроли во внатрешните царински испостави и на граничните премини, царинските работници спречија повеќе обиди за криумчарење на стока. Вкупната вредност на запленетата стока изнесува околу 5,6 милиони денари (околу 92 илјади евра), за која избегнатите давачки се проценуваат околу 2,1 милион денари (околу 34 илјади евра). При тоа се запленети 1.950 грама хероин.

    Запленетата стока меѓу другото опфаќа:

- 38.380 парчиња цигари,
- 6.003 парчиња лекови,
- 1.975 парчиња употребувани гуми за возила,
- 762 грама сребро и 330 грама златен накит,
- 303 парчиња брави со клуч и оков за прозорци и врати,
- 97 парчиња делови за електрични апарати,
- 31 парче уметнички слики,
- 11 кгр.хемикалии-киселини,
- 4 товарни моторни возила со погонско гориво-црвена нафта и др.

20. Во февруари 2012 година се поднесени 6 кривични пријави против 6 физички лица и 2 правни лица, од кои 2 кривични пријави за криумчарење, една кривична пријава за производство и пуштање во промет на штетни средства за лекување, една кривична пријава за промет со акцизни стоки без бандероли и една кривична пријава за царинска измама. Избегнатите увозни давачки во случаите на царинска измама се проценуваат на околу 2,3 милиони денари (околу 38,8 илјади евра).

21. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 61 барање за поведување на прекршочна постапка, од кои: 2 барања од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа, 57 барања од царински испостави и 2 барања од Основно јавно обвинителство. Од вкупно примените барања за поведување на прекршочна постапка, 5 се однесуваат на акцизни прекршоци односно користење на екстра лесно гориво обележано со црвена боја. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа, во текот на февруари

2012 година, реши 109 предмети во редовна и 11 предмети во итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од околу 97 илјади евра.

Во постапка на порамнување се решени 12 предмети, при што е извршена уплата на глоба во износ од околу една илјада евра.

Против решенијата на Царинската управа за утврдена прекршочна одговорност во текот на февруари 2012 година од Управниот суд се примени 14 тужби. Во истиот период од Управниот суд се примени 2 пресуди со кои се потврдени одлуките на Комисијата и 24 пресуди со кои се поништени одлуките на Комисијата. Од Врховен суд е примено едно решение со кое пресудата на Управниот суд се укинува и предметот се враќа на повторно одлучување.

22. Во февруари 2012 година се изречени 130 мандатни казни на сторители на царински прекршоци, во вкупен износ од околу 968 илјади денари (околу 15 илјади евра).

23. Поради основано сомневање за фалсификување на трговски марки, Царинската управа во февруари 2012 година интервенираше при повеќе обиди за повреда на правото од интелектуална сопственост и привремено задржа 10.177 парчиња стока.

Привремено задржаната стока меѓу другото опфаќа:

- 3.000 парчиња освежувачи за воздух,
- 2.464 парчиња спортски обувки,
- 2.063 парчиња текстилна облека,
- 1.680 парчиња брави и цилиндри за брави и
- 410 парчиња држачи за футроли и футроли за мобилни телефони.

Во месец февруари, донесени се 10 одлуки по поднесени барања од носители на право на интелектуална сопственост, од кои:

- 4 одлуки за прифаќање на нови барања за превземање на царински дејства за трговските марки Etimat, Slim Line Club, Nike и Bmg Impex 444 A Extra Quality и
- 6 одлуки за прифаќање на барања за продолжувања на рокот за трговските марки.

Оттука, заклучно со февруари 2012 година, Царинската управа има прифатено вкупно 330 барања за превземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост.

Во текот на месец февруари 2012 година, евидентирани се 9 нови случаи за кои постои сомневање дека стоката во царинската постапка повредува право од интелектуална сопственост, при што е постапено согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална

сопственост, односно испратени се известувања до носителите на права преку нивните застапници.
Од нив, 5 случаи се откриени во постапка при увоз на стока, додека 4 случаи се откриени во транзитна постапка.
Во согласност со горенаведеното, од вкупно 9 случаи на задржана стока, по службена должност е постапено во 2 случаи, од кои во првиот случај за стока од трговската марка Police, додека во вториот случај за стока од трговските марки Bane и Titan.

Донесени се 14 одобренија за уништување на 18.768 парчиња стока, која повредува право од интелектуална сопственост, со ознаки на трговските марки: Adidas, Chanel, Armani, D&G, Tommy Hilfiger, Louis Vuitton, Burberry, Nokia, Iphone, Puma, Елкичка, Cialis, Apple, Diesel и G-Star.

Донесени се 9 одобренија за пуштање на привремено задржана стока, врз основа на кои пуштени, односно вратени на увозниците со цел спроведување на натамошна постапка се вкупно 34.973 парчиња стока поради постапување на носителот на правото, и тоа:

- во два случаи, кога носителот на правото ја известил Царинската управа, дека предметните стоки не повредуват право од интелектуална сопственост, односно не и припаѓаат на ниту една заштитена трговска марка,
- во два случаи, кога не е поднесено барање за превземање на царински мерки,
- во пет случаи, кога носителот на правото ја известил Царинската управа дека предметните стоки, не го повредуват правото од интелектуална сопственост односно истите се оригинални.

Пратено е едно известување до Комисија за прекршоци со кое се потврдува дека предметната стока која е предмет на царински прекршок повредува право од интелектуална сопственост.